Упатство за пребарување на библиотечниот фонд на Економски факултет -Скопје (е-библиотека)

Вкупниот библиотечен фонд на Економски от факултет — Скопје заклучно со ноември 2024 година според инвентарните книги во библиотеката на Факултетот изнесува: 31.160 наслови на книги, односно вкупно 49.585 примероци, како и 2837 наслови на магистерски и докторски трудови одбранети на Факултетот.

При уписот на студентите на Факултетот по автоматизам стануваат членови на Библиотеката на Факултетот и може да ги користат книгите при изработка на своите трудови како и да ги користат учебниците за учење во читалната на Факултетот.

Внесувањето на библиотечниот материјал во електронската база е постојан и континуиран процес.

Економскиот факултет – Скопје се придружи на COBISS+ во ноември 2022 година.

| | |
|---|---|
| Нумеричка ознака на библиотеката - сигла | 40013 |
| Назив на институцијата / библиотеката | Универзитет “Св. Кирил и Методиј”, Економски факултет, Скопје / библиотека |
| Назив на институцијата / библиотеката на англиски јазик | Ss. Cyril and Methodius in Skopje, Faculty of Economics, Skopje / Library |
| Вид на библиотеката | високошколска/универзитетска |
| Раководител на библиотеката | Јордана Драгоманова, тел. +389 2 32 86 908, E-pošta jordana@eccf.ukim.edu.mk |
| Акроним во системот COBISS | EFSK |
| Членство во системот COBISS | полноправен член |
| Одделение | библиотека, tel. +389 2 3286908, E-pošta jordana@eccf.ukim.edu.mk<br>библиотека, tel. +389 2 3286898, E-pošta valentina.mitrova@eccf.ukim.edu.mk |

*Што претставува COBISS системот и корисноста за нашето библиотечно работење*

**COBISS (англ. Co-operative Online Bibliographic System & Services — Заеднички интернетски библиографски систем и услуги; изговор: кобис) е организациски систем кој се користи да ги опслужи библиотеките во единствен библиотечко-информациски систем со каталогизација за позајмување.**

COBISS (кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси) е модел на систем кој претставува платформа на националните библиотечно-информациски системи во Словенија, Србија, Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија, Албанија и Косово. Сите наведени системи се поврзани во регионална мрежа COBISS.net, а отворен е и повикот до библиотеките во Хрватска.

**Карактеристики на COBISS системот:**

Овие информациски системи се автономни, но ја делат платформата.
COBISS користат преку 1390 библиотеки за автоматизација на своето работење.
COBISS.Net е мрежата која ги поврзува COBISS кооперативните библиографски системи на различни земји.
COBISS+ им овозможува на библиотеките и на корисниците онлајн пристап до одредени бази на податоци и
COBISS+ е наменет и слободно достапен за сите корисници: истражувачи, ученици, студенти, професори, пензионери... т.е. за секој што бара релевантни информации или достапна граѓа во библиотеките, дури кога станува збор и за електронска граѓа.

**Позитивности од користењето на COBISS системот**:

COBISS+ им овозможува на библиотеките и на корисниците онлајн пристап до следните бази на податоци:
заемната библиографско-каталошка база на податоци COBIB – заедничкиот каталог на библиотеките кои учествуваат во системот COBISS
локалните бази на податоци – каталози на библиотеките во системот COBISS
други бази на податоци во системот COBISS – специјализирани бази на податоци кои се составен дел од системот COBISS
други информациски извори – странски и домашни специјализирани бази на податоци
можност за поврзувања на сервисот Мојата библиотека со услугите на профилот Мојот COBISS
можност за пребарување во повеќе библиотеки истовремено

Во тој случај при пребарување ја избирате онаа група податоци која, со оглед на вашите потреби и желби, овозможува најрелевантни резултати.

COBISS+им овозможува на библиотеките и на корисниците на библиотеките онлајн пристап до следните бази на податоци:

- **заемната библиографско-каталошка база на податоци COBIB – заедничкиот каталог на библиотеките кои учествуваат во системот COBISS**
- **локалните бази на податоци – каталозите на одделните библиотеки во системот COBISS**

***Во заемната библиографска база на податоци, локалните бази на податоци на библиотеките и другите бази на податоци може да се користи еден од следните начини на пребарување***:

**Основно пребарување** – се внесува збор или фраза, се кликнува на ПРЕБАРАЈ со што се добиваат резултатите од пребарувањето.
**Изборно пребарување** – се користи образец за пребарување, избирате полиња за пребарување кои може да се комбинираат со логички оператори.
**Командно пребарување** – се формира барање за пребарување со правилна синтакса за пребарување, а притоа мора да ја познавате структурата на библиографските записи.

**Пребарувањето на досега внесената библиотечна граѓа на Еконoмски факултет – Скопје може да се направи преку:** https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/bib/search

Записите во библиографско-каталошките бази на податоци на системот COBISS ги изработуваат библиотекари после стекнување лиценца (во тек). Основните видови граѓа по кои можете пребарувате се “книги”.

Го избирате оној начин на пребарување кој во дадениот случај најмногу ви одговара.

1. ***Основното пребарување*** е наменето за општи прашања.




2. Со ***изборното пребарување*** внесувате: Автор (Фити, Таки или Фити*), Наслов (Економија: основи на економијата или Економија*) или Клучни зборови. Има и ограничување, Година на издавање (во период од 1 – 5 години), и Вид граѓа, Вид содржина и Јазик:




3. ***Командното пребарување*:**

При командното пребарување се користи префикси и суфикси(истите ги имате во Списокот на префикси и суфикси(тоа се кратенки од англиски зборови, на пример: автор AU= Фити, Таки
наслов TI= Економија
издавач PU= ТРИ итн.




со подетално обликување на барањето за пребарување можете повеќе да се приближите до саканите резултати.